# Кратко образложение за работењето на РЖ Институт АД Скопје во периодот 01.01- 31.03.2017 година

Во периодот 01.01.- 31.03.2017 година РЖ Институт работеше во продолжена состојба од минатата година означена со отежната наплата на побарувањата и помало искористување на производните капацитети. Во ваквите околности, менаџментот беше принуден да прави измени во режимот на работење со воведување на помали производни кампањи и серија мерки за намалување на трошоците во насока на пребродување на отежнатиот период.

**Оперативните приходи** на РЖ Институт за набљудуваниот период изнесуваа 21 милиони денари, што претставува зголемување за 32% во однос на истиот период од претходната година. **Оперативните расходи** изнесуваа 27,3 милиони денари и се повисоки за 15% во однос на ланскиот прв квартал. Кога на оваа пресметка во предвид ќе се земе промената на залихите на готови производи и недовршено производство, РЖ Институт АД Скопје го заврши анализираниот период со оперативна загуба од 2,9 милиони денари. Истата е намалена во споредба со ланската година кога изнесуваше 6,2 милиони денари.

**Финансиските приходи** изнесуваат 947 илјади денари, а **финансиските расходи** изнесуваат 1,47 милиони денари. Финансиските расходи главно се однесуваат на расходи врз основа на камати. Кога ќе се вкалкулираат резултатите од овие финансиски активности, **нето-загубата** за првиот квартал од 2017 година изнесува 3,4 милиони денари и е помала за 33% во однос на истиот период лани.

Менаџментот континуирано планира и работи на мерки за поефикасно работење, зголемување на продажбата и искористување на капацитетите. По овие мерки, забележливо е подобрување на секојдневното функционирање на компанијата со воспоставена насока на нејзина консолидација во кварталите што следат, што е видливо и по финансиските резултати споредени со претходните две години.

**РЖ Институт АД Скопје**